Влада на Република Северна Македонија

| НАСЛОВ НА ИНФОРМАЦИЈА и СОДРЖИНА: |
| --- |

**Информација за работата на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2021 година**

1. **Надлежности и состав на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите**

Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите (ИРГ) е формирана со Одлуки на Владата на Република Северна Македонија бр.44-4277/1 на 15.08.2017, бр. 44-2844/1 од 27.03.0218 и бр.45-5955/1 од 20.08.2019 година и Решенија за именување на членови на интер-ресорска консултативна и советодавна група бр.44-4277/2 од 20.08.2017, бр.44-2844/2 од 27.03.2018, бр.45-5955/2 од 20.08.2019 и бр.40-538/1 од 11.05.2021 година.

ИРГ е составена од 25 члена назначени од Владата, од кои 12 членови од редот на вработените во органите на државна управа: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за финансии, Министерство за здравство, Министерство за економија, Министерство за одбрана, Министерство за образование и наука, Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинет на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, претставници на организациите на работодавачи, синдикатите, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации и експерти.

ИРГ, согласно член 3 од Одлуката за формирање на Интер–ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ги има следните задачи: го промовира концептот за вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции; ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области; го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди од областа на родовите прашања; учествува во подготовката и дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за родова еднаквост; ги следи периодичните извештаи од институциите.

Стручно-административните работи на интер – ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ги врши Министерството за труд и социјална политика.

## 2. Одржани седници и разгледани материјали од страна на Интер ресорска советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите

ИРГ во текот на 2021 година одржа две он line седници.
Иако со помал интензитет, пандемијата предизвикана од Ковид-19 влијаеше на одржувањето и спроведувањето на активностите.
Во текот на 2021 година, ИРГ ги разгледа следниве акти, материјали и информации:
-Информација за Стратегијата за родова еднаквост 2021- 2026 година, процес на подготовка на стратегијата, структурата на стратегијата и временската рамка на реализација на активностите. Стратегијата е усвоена од Владата на РСМ и е во собраниска процедура.
-Информација околу активностите за родово родово буџетските инцијативи за 2021. Обврска на буџетските корисници е избор на соодветна програма за родова анализа и развивање на релевантни родови индикатори на излезно ниво за следење на влијанието на програмите врз мажите и жените, а со цел вклучување на родовата перспектива во процесот на планирање на политики и буџетирање. За 2020 година 13 буџетски корисници доставиле пополнет Образец за родово буџетски инцијативи. Како **заклучок** од оваа точка произлезе: се задолжува МТСП – Сектор за еднакви можности, до сите министерства да достави допис со кој ќе се потсети на обврска која произлегува страна на Министерството за финансии за пополнување на буџетските циркулари најдоцна до 1 –ви Септември 2021 година, на задолжителната обврска на министерствата да ги планираат своите буџети родово одговорно.

- Информација за АП за Резолуцијата 1325: Министерството за одбрана на Република Северна Македонија е носител и координатор за изработката и имплементацијата на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуција на ООН 1325 - Жени, Мир и Безбедност (2020-2025) - стратегиска рамка (усвоен на Седница на Владата на Република Северна Македонија на 13 јули 2020 година). Вториот НАП беше испечатен и промовиран во месец октомври 2020 година. Врз основа на наведеното во 2021 година, свои петтогодишни оперативни планови за имплементација на Вториот НАП, донесоа задолжените чинители, односно институции. Оперативниот план на Министерството за одбрана за имплементација на Вториот НАП, беше донесен на 22.01.2021 година.
Како примарен национален оперативен механизам за обезбедување на ефикасно и транспарентно спроведување на Вториот НАП, се формираше Телото за координација, мониторинг и евалуација (ТКМиЕ). Телото е формирано во јануари 2021 година со Решение на Министерката за одбрана, а истото е преименувано во Работна група за координација, мониторинг и евалуација (РГ за КМиЕ) за имплементација на Вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на ООН 1325 „Жени, мир и безбедност“ (2020–2025)–стратегиска рамка, во ноември 2021 година со Решение на Министерката за одбрана.
Ова тело обезбедува ефективно учество и на граѓанското општество, односно има

отворен пристап, почитувајќи ги принципите на транспарентност, отчетност и инклузивност.
Со РГ за КМиЕ раководи координаторка, а РГ брои 10 членови/ки од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. Истата е задолжена да спроведува координација со институциите на национално и локално ниво со цел верификација, хармонизација и поддршка, како и да врши мониторинг и евалуација, сублимирање на извештаи од задолжените институции и подготовка на извештај за степенот на реализација на оперативните планови за имплементација на Вториот НАП.

ТКМиЕ во месец април и мај 2021 година одржа состаноци и работилници со претставници од задолжените институции на национално и локално ниво, за изработка на годишни оперативни планови за 2021 година за имплементација на Вториот НАП, како и утврдување на динамиката за нивна реализација во наредниот период.

- Информација околу Стратегијата за вработување за периодот 2021-2027 година
Стратегијата за вработување има 3 стратешки цели:
1.Подобрување на квалитетот на образованието
2.Пристојна работа
3.Инклузивност , зајакнување на пазарот на труд
Во вклучувањето на пазарот на труд ранливите категории, самохраните родителите, маргинализираните групи за 50% и намалување на родовиот јаз.
Целта на Националната стратегија за вработување (НСВ) е да се справи со краткорочните последици на пандемијата од КОВИД-19 врз пазарот на трудот, како и со структурните предизвици што влијаат врз растот на вработеноста. Временската рамка за спроведување на Националната стратегија за вработување е од 2021 до 2027 година во согласност со програмскиот циклус на Владата на Република Северна Македонија и на Европската Унија. Со оглед на високото ниво на несигурност што во моментов ги следи проекциите за закрепнувањето на економијата и на пазарот на трудот, спроведувањето на Стратегијата е поделено во две фази. Целта на првата фаза – што ќе трае од 2021 до 2023 година – е, пред сè, ублажување на негативните последици на пандемијата од КОВИД-19 врз вработувањето и воведување на потребните реформи за почеток на втората фаза (од 2024 до 2027 година) на политиките, која е попрогресивна и насочена кон приближување до стратегијата за вработување на Европската Унија. Во 2024 година, пред почетокот на втората фаза на Стратегијата, Владата на Република Северна Македонија ќе го утврди постигнатиот напредок, со цел планираните интервенции да се приспособат , доколку тоа е потребно.
-Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021-2027 година е главниот долгорочен стратешки документ на кој се базира поставувањето и спроведувањето на целите, политиките и мерките за развој на земјоделството и руралните средини во Република Северна Македонија за периодот од 2021 до 2027

година.
Подготовката на стратегијата се базираше на широк институционален, аналитички и партиципативен процес, усогласен со последните регулативи на Европската Комисија кои ја уредуваат соодветната област на земјоделските и рурални политики за периодот 2021-2027 година, пред се предлог регулативата на Европскиот парламент и на Советот COM (2018) 392 final - 2018/0216 (COD)1 која ги донесува правилата за подготовка на Стратешките планови на земјите членки за следниот период, како и од останатите секторски политики кои се дел од Заедничката земјоделска политика на Европската унија. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши голем број на директни консултации со учесниците во секторот, пред се организирани во рамките на постојаните подсекторски групи и други формални тела, со надлежни органи на државна управа, меѓународни институции и останати релевантни чинители, кои во последниот период, поради кризата со КОВИД-19, беа спроведени преку платформите за виртуелни состаноци. Во процесот на консултации со чинителите во секторот беа директно опфатени над 350 лица во повеќе од 30 одржани средби и остварена дополнителна електронска коресподенција. На крајот, од 14-23 декември финалниот нацрт на стратегијата беше јавно споделен на веб страната на МЗШВ со цел овозможување на дискусии и коментари од страна на сите заинтересирани чинители. Најголем дел од предлозите во процесот на консултации се соодветно вградени во предложените решенија на политиките од стратегијата. Во подготовката на стратегијата беше вклучена релевантната македонска експертската јавност, пред се од Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје, подржани од министерството и од Постојаната работна група за регионален и рурален развој во Југоисточна Европа , меѓународен експерт обезбеден од Делегацијата на ЕУ во Скопје и експертиза на Организацијата на храна и земјоделство при Обединетите нации (во понатамошниот текст ФАО) и Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women).
Стратегијата се состои од три дела: ДЕЛ I. Состојба и идентификувани потреби во земјоделството и руралните средини, ДЕЛ II. Цели, типови на интервенции на политиките и мерки за периодот 2021–2027 година и ДЕЛ III. Спроведување на НСЗРР 2021-2027.
Како препорака од ИРГ врз основа на информациите за стратешките документи во различни сектори произлезе: членовите на ИРГ да бидат вклучени во подготовката на стратешките документи во институциите со што како членови ќе дадат свој придонес во унапредување на родовата еднаквост.

## 3. Активности на Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

Членовите на интер ресорската група во текот на периодот на известување присуствуваа и учествуваа на работилници, дебати и други значајни настани поврзани со еднаквите можности на жените и мажите кои се организирани on-line.

Исто така, членовите на ИРГ активно учествуваа на јавните расправи кои беа организирани од Собраниската Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на тема:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичнио законик;

-Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2019 година.

Членовите на Интер ресорската група учествуваа во развивање на родово буџетските иницијативи на селектираните програми на нивните министерства. Исто така, учествуваа и на обуките кои ги организираше МТСП со цел да се зајакнат капацитетите на државната управа во однос на вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики (Gender mainstreaming), што претставува интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политиките – притоа, имајќи го во предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.

Членовите на ИРГ дадоа придонес во креирањето на прирачникот преку забелешки и коментари за „Родова дискриминација на пазар на трудот и во работните односи„ наменет за инспектори.

- Членови на Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

Согласно Одлуки на Владата на Република Северна Македонија бр.44-4277/1 на 15.08.2017, бр. 44-2844/1 од 27.03.0218 и бр.45-5955/1 од 20.08.2019 година и Решенија за именување на членови на интер-ресорска консултативна и советодавна група бр.44-4277/2 од 20.08.2017, бр.44-2844/2 од 27.03.2018 и бр.45-5955/2 од 20.08.2019 и бр.40-538/1 од 11.05.2021 година,за координатор и членови на интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите се именуваат од:

- Министерството за труд и социјална политика м-р Габриела Маџоска – координатор;
- Министерство за трруд и социјална политика- Даниела Хаџи Димова Јованова – член;

| |
|---|
| - Министерството за финансии Кети Велкова -член;<br>- Министерството за внатрешни работи Владанка Шиндева -член;<br>- Министерството за правда Тања Кикерекова -член;<br>- Министерството за здравство Нермина Факовиќ- член;<br>- Министерството за економија Фатмире Хоџа, член;<br>- Министерството за образование и наука Анастасија Трајковска ;<br>- Министерството за одбрана Виолета Куновска-член;<br>-Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Славица Михајловска-член;<br>- Министерството за информатичко општество и администрација – Есма Адиловичќ Фазлиќ -член;<br>- Кабинет на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори Марина Узунов – член<br>- Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија Сузана Никодијевиќ Филиповска- член;<br>- Организацијата на работодавачи на Македонија Анета Петровска Русомароски-член;<br>- Бизнис Конфедерацијата на Македонија Јорданка Богатиновска-член;<br>- Унијатата на независни и автономни синдикати на Македонија Дивна Змејковска-член<br>- Сојузот на синдикатите на Македонија Елизабета Гелевска-член;<br>- Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија Даниела Јаневска-член;<br>- Заедницата на единиците на локалната самоуправа Ирена Николов-член;<br>- Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" Драгана Дрндаревска –член;<br>- Македонското женско лоби- Даниела Димитриевска – член ;<br>- Платформата за родова еднаквост Марија Савовска-член;<br>- Експерт за родова еднаквост Неда Малеска Сачмароска.<br>- Експерт за родова еднаквост Мирјана Најчевска;<br>- Експерт за родова еднаквост Ленче Алексовска Величковска |
| |

Влада на Република Северна Македонија

| ПРЕДЛОГ – ЗАКЛУЧОЦИ: |
| --- |
| Материјалот е од информативен карактер без заклучоци. |